**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 15; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), како и Одлуката на Советот на Општина Карпош за давање согласност за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територија на Општина Карпош – Скопје, со број 09-4607/23, одржана на 65та седница, на 15 мај 2025 година, Општина Карпош објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства кои живеат на територија на Карпош

### 1. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица кои се жители на Општина Карпош.

### 2. Потребни документи и услови за учество физички лица

- Пополнето Барање (достапно во Архивата на Општина Карпош и електронски преку веб - страната на Општина Карпош);
- Копија од последна сметка за вода;
- Лична карта (на увид).

### 3. Критериуми за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства кои живеат на територија на Општина Карпош

1. Физичкото лице треба да е жител на Општина Карпош;
2. Да има иста адреса на живеење како на сметката за вода;
3. Секое домаќинство може да добие по една канта;
4. Кантите ќе се доделуваат по принципот „Прв дојден прв услужен“.

### 4. Начин на пријавување

Граѓаните на Општина Карпош може да го подигнат Барањето за пријавување на јавниот оглас во Архивата на Општина Карпош.

Пополнетите Барање заедно со целокупната документација треба да се достави во Архивата на Општина Карпош, ул. „Радика“ бр. 9, барака 2, работно време од 07:30 до 15:30 часот.

По поднесувањето на документите и разгледување од страна на Комисијата, подносителите ќе бидат известени за понатамошно подигање на пластичните канти.

Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

5. **<u>Рок за поднесување на документи</u>**

Повикот ќе биде отворен до искористување на количините на вкупниот број од 800 канти, а ќе важи принципот „прв дојден, прв услужен“.

За дополнителни информации граѓаните може да се обратат кај Емилија Попагиновска, на тел. број 072 265 559.

ОПШТИНА КАРПОШ
Комисија за доделување на пластични канти од 120 литри за селекција на отпад на домаќинства на територијата на Општина Карпош